20251573433

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24 и 151/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 јули 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/25) во дел II во табелата по подмерката 1.1. се додава нова подмерка 1.2. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за произведено вино | 1. Корисници на оваа подмерка се домашни производители на вино регистрирани во Регистарот на производители на вино.<br>2. Максималната количина на произведено вино која е прифатлива за финансиската поддршка е до 4.000.000 литри вино по корисник.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 2 денари по литар произведено вино од откупени количини на грозје од реколта 2024 година. |

“.

II

Во делот III се додава нов став 2 кој гласи:

„Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.2 „Финансиска поддршка за произведено вино“ од оваа програма ќе се врши врз основа на податоци за произведеното вино од откупени количини на грозје за производство на вино од реколта 2024 година, кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство, најдоцна до 31 август 2025 година.“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7182/4
29 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.